

# ЗАПОВЕДТА НА МАРИЈА

Во Евангелието на Св Јован читаме за свадбата во Кана. Тука Марија ја потенцира важноста на Исус, нејзиниот Син, и на зборовите кои Тој ги кажува.

Сфаќајќи дека нема повеќе вино, и дека самата таа не може ништо да направи, таа Му кажува на Исус, Единствениот Кој може да стори нешто. Марија тогаш им дава заповед на слугите која сите ние треба да ја имаме в предвид: "Неговата мајка им рече на слугите: Што и да ви рече, направете." (Јован 2:5) Ова е самото снимање во Библијата каде Марија дава заповед, така ние треба да внимаваме на нејзините збороби... "Што и да ви рече, направете." Бидејќи нашиот цел е да одиме во Рајот, дозволете ни да погледнеме во Библијата и да го правиме она што Марија вели да го правиме; да видиме што вели Исус и да го правиме тоа.

Исус вели: Тој е единствениот Кој може да биде твој Спасител: "Исус му одговори: "Јас сум патот, Вистината и Животот. Никој не доаѓа кај Таткото, освен преку мене." (Јован 14:6) Тој не рече: да веруваме во светци, во Папата, во свештениците, дури ниту во Неговата мајка за да нé спасат. "Нема спасение во никој друг, ниту има друго име под небото дадено на луѓето преку кое мора да бидеме спасени." (Дела 4:12)

Исус вели: Верувајте во Него, Тој е Единствениот Кој може да ве спаси. "Кој верува во синот, има вечен живот, а кој не верува во Синот, нема да види живот, туку Божјиот гнев останува врз него." (Јован 3:36) Тој не рече: дека беа потребни специјални жртви или добри дела да помогнат да бидеме спасени: "Додека на оној кој не работи, а

верува во оној Кој го оправдува безбожникот, неговата вера му се смета како праведност." (Римјаните 4:5)

Исус вели: Вечниот живот е единственото нешто што Тој го дава: "Вистина, вистина ви велам: кој го слуша моето Слово и верува во Оној Кој Ме прати, има вечен живот и не доаѓа на суд, туку премина од смрт во живот." (Јован 5:24) Тој не рече: дека тоа е пробен живот кој зависи од тоа дали ќе го зачуваме или изгубиме: "Јас им давам вечен живот; и никогаш нема да загинат, и никој нема да ги отме од мојата рака." (Јован 10:28)

Исус вели: дека Божјите зборови се единствениот авторитет кој треба да се следи: "Кој Ме отфрла Мене и не ги прима моите зборови, има свој судија: словото што го изговорив, тоа ќе му суди во последниот ден." (Јован 12:48) Тој не рече: дека традициите или човечките заповеди беа Неговите зборови: "залудно Ме почитува, кога проповеда учења кои всушност се човечки заповеди. И така правите престап спрема Бошјото слово со својата Традиција, која вие ја воспоставивте, и правите многу други работи слични на ова." (Марко 7:7,13)

Пријателу, ти можеш да бидеш спасен сега и да знаеш дека имаш вечен живот, ако ја ставиш твојата "целосна" доверба во Исус Христос, и ако престанеш да се потпираш на себеси, на црква, на сакраменти, или на било што друго за да те спаси и да ти помогне. Исус ја плати казната за твојот долг поради гревот и тој може да биде твојот спасител ако ќе веруваш во него. "Ова ви го напишав вам кои

верувате во името на божјиот син; за да знаете дека имате вечен живот." (1Јован 5:13) Моментот на твојата целосна доверба во Исус Христос како твој Спасител и Господ…токму тој момент…Ти си спасен засекогаш.

## КОЈА Е ТВОЈАТА ОДЛУКА?

☐ Јас одбирам да верувам што Исус вели. "Сите пророци сведочат за Него дека секој кој верува во Него добива проштавање на гревовите преку Неговото име." (Дела 10:43) "оти, ако со устата Го исповедаш Господа Исуса и со срцето свое повеуваш дека Бог Го воскресна од мртвите, ќе се спасиш; зашто: Секој кој ќе Го повика Господовото име, ќе биде спасен." Римјаните (10:9,13)

☐ Јас одбирам да го одбијам Исус христос. "Кој верува во Него, нему не му се суди, а кој не верува веќе е осуден, зашто не поверувал во името на Единородниот Божји Син." (Јован 3:18) "во пламенен оган, за да даде одмазда на оние кои не Го познаваат Бога и кои не му се послушни на Евангелието на нашиот Господ Исус Христос; кои ќе бидат казнети со вечна пропаст далеку од лицето на Господа и од славата на Неговата сила" (2 Солуњаните 1:8-9)

Иф ѕоу хаве децидед то труст Јесус Цхрист ас ѕоур Савиоур афтер реадинг тхис трацт, плеасе њрите анд лет ус кноњ.

Наме ______________________________
Аддресс ____________________________
Цитѕ ____________________ Зип __________
Стате ______________________ Аге ________

**FELLOWSHIP TRACT LEAGUE**
P.O. BOX 164 • LEBANON, OH 45036
www.fellowshiptractleague.org © Tract 2942 (Macedonian)
Сите трактати се бесплатни бидејќи Господ не снабдува
Не се за продажба.